Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски бр. 08-304 /5
Дата: 11-04-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08–304/1 од 11.03.2024 година, поднесена од [redacted] против Уставен суд на РСМ, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 09.04.2024 години, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За отфрлање на претставката за заштита од дискриминација заради ненадлежност.**

### О б р а з л о ж е н и е

На 11.03.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] Скопје против Уставен суд на Република Северна Македонија за извршена дискриминација во областа на правосудство и управа.

Подносителката наведува дека претставката ја поднесува поради дискриминирачкиот начин на интерната работа на Уставниот суд на Република Северна Македонија при одлучување на доставените Иницијативи, при тоа нејасно е дали дискриминацијата се однесува на подносителите на иницијативите или поради содржината на иницијативата. Подносителката наведува дека согласно член 18 став 2 од Деловникот на Уставниот суд, обичајна и деловничка правна практика по добивањето на одредена Иницијатива било да Уставниот суд ги прибави потребите мислења од надлежни институции, Секретаријатот за законодавство на Влада на РСМ и потоа да донесе одлука. Но со нејзините две поднесени Иницијативи Судот постапил различно од дотогаш воспоставената пракса. Имено за една од иницијативите, Судот побарал мислење од Секретаријатот за законодавство на Влада на РСМ меѓутоа нејасно е тоа како Судот донел одлука пред да го добие мислењето од Секретаријатот за законодавство. Подносителката во претставата наведува дека согласно член 28 од Законот за спречување и заштита од дискриминација бара Комисијата во законски рок да даде препорака до Уставен суд да се отсранат последиците од дејствијата и доставените иницијативи од нејзина страна повторно да бидат ставени на дневен ред.

Согласно наводите и барањата во претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во надлежностите на Комисијата. Согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата нема надлежност да врши надзор над и да ја оценува работата на судиите во Република Северна Македонија.

Имено, во членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, дискриминацијата се дефинира како "*секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или*



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други*". Членот 5 од истиот закон ги утврдува дискриминаторските основи и тоа: "*раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа*".

Со оглед да подносителката во претставката имплицира неделовнички и нецелосно постапување на Уставниот суд на РСМ, Комисијата упатува соодветно да ги извести надлежните органи и тоа Судскиот совет на Република Северна Македонија. Согласно член 36 став 1 од Законот за судски совет на Република Северна Македонија, Судскиот совет на РСМ како орган е надлежен да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судиите.

Врз основа на изнесеното, а земени предвид надлежностите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација кои се јасно утврдени во Законот за спречување и заштита од дискриминација, се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
[redacted]
-Архива на КСЗД